Врз основа на член 37 од Законот за стручно образование и обука (Службен весник на Р.Македонија бр.71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15 и 55/16) и член 18 од Правилникот за видовите на авторските трудови и другите интелектуални услуги и критериумите, начинот на изборот, висината на авторските надоместоци и бројот на членови во стручните тимови на Центарот за стручно образование и обука бр.01-401/10, 01-1028/12 и 01-977/15 Центарот за стручно образование и обука – Скопје распишува

**К О Н К У Р С**
**за избор на надворешни соработници за стручна работа на Центарот за стручно образование и обука – Скопје**

1. Центарот за стручно образование и обука Скопје, распишува конкурс за избор на надворешни соработници за следните стручни работи:

**1.1 По еден наставник од средно стручно училиште од соодветна струка за изработка на стандарди на занимање и по два наставника од средно стручно училиште од соодветна струка и еден факултетски професор од соодветна област за изработка на стандарди на квалификација со наставен план и тоа:**

**А) Струка/сектор: Градежништво и геодезија**

- **Стандарди на занимање**: Подготвувач на припремни градежни работи; Изведувач и отстранувач на градежни објекти; Управувач за одржување и користење на градежни објекти; Подготвувач на проектна документација; Изведувач на градежни објекти од високоградба; Дизајнер за внатрешна архитектура; Геодет за инженерска геодезија; Геодет за катастарски работи; Геодет за урбанизам, просторно планирање и менаџмент;
- **Стандарди на квалификација со наставен план:** Градежен техничар; Архитектонски техничар; Дизајн за внатрешна архитектура; Геодетски техничар.

**Б) Струка/сектор: Угостителство и туризам**

- **Стандард на занимање**: Агенциски службеник;
- **Стандард на квалификација со наставен план:** Хотелско - туристички техничар.

**В) Струка/сектор: Електротехника**

- **Стандарди на занимање**: ИКТ оператори; ИКТ техничари за поддршка на корисниците; Техничари за компјутерски системи и мрежи; Веб-техничари; Техничар за процесна автоматика; Техничар електроничар за компјутери; Техничар за роботика и интелигентни системи;
- **Стандард на квалификација со наставен план:** Електротехничар за компјутерска техника и автоматика.

2. Право да конкурираат имаат:
наставници од средните училишта кои ги исполнуваат следните услови:
-да имаат најмалку три години работно искуство во стручното образование за соодветната струка и
факултетски професори кои ги исполнуваат следните услови:
-да имаат објавени стручни, односно научни трудови кои се од значење за соодветната струка и за унапредување на воспитанието и образованието.
Со кандидатот кој ги исполнува условите и биде избран за надворешен соработник, ќе биде склучен договор.
Кандидатот треба да достави пријава во која точно ќе биде наведена позицијата за кој се пријавува, документација за исполнување на условите кои се наведени во овој конкурс (потврда за заснован работен однос) и кратка биографија.
Пријавите кои ќе бидат некомплетни и ненавремени, нема да се разгледуваат.
Конкурсот трае 8 дена од денот на објавувањето.
Пријавите со потребната документација се доставуваат во архивата на Центарот за стручно образование и обука Скопје, или по пошта на адреса: бул.Гоце Делчев бр.18 Скопје, п.фах 290.

**Центар за стручно образование и обука**
**Скопје**